# ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-57*
*26.02.2025*
*Ш т и п*

До

Државни органи, јавни институции, установи,
правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани

ПРЕДМЕТ: Покана за учество најавна презентација и јавна анкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина за 2025 година со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

## П О К А Н А  З А  У Ч Е С Т В О

**на повторна јавна презентација и јавна анкета**
**по изготвен**
**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ СИ 07, ОПШТИНА ШТИП**

Согласно член 50 од законот за урбанистичко планирање (сл.весник на рм бр.32/20 и 111/23) се организира **повторна јавна презентација и јавна анкета по** ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ СИ 07, ОПШТИНА ШТИП.

Планскиот опфат за изработка на планската документација, кој е прикажан на графичките прилози кои се во прилог на планската документација е формиран по граници на катастарски парцели и осовини на улици.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- од северозападна страна границата оди по осовина на собирна ул. „Сремски фронт“ по ГУП

- од североисточна страна границата е по осовина на ул. „Борис Крајгер"
- од југоисточна страна границата е по граница на наменска зона по ГУП
- од југозападна страна границата е по граница на наменска зона по ГУП

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ СИ 07, ОПШТИНА ШТИП, вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно - 15111.34m2.

Во планската документација дефиниран е плански опфат и прикажан на графички прилог кој е приложен во постапката во систем е урбанизам.

Јавната анкета и јавната презентација на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ СИ 07, ОПШТИНА ШТИП, ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 11 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 14 март 2025 (петок) до 24 март 2025 год (понеделник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 20 март (четврток) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Изработил:
Борислава Мишева, диа
Контролирал:
Лазар Хаџи Николов

Секретар на Општина Штип
Вишна Шорова-Ангелова

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*